Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....................................................................................... 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....................................................................................... 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....................................................................................... 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....................................................................................... 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ................. 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....................................................................................... 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....................................................................................... 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип............................ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.............. 74

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ" бр. 64/2000), Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип („Универзитетски гласник" број 10, јули 2009 г. и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип), Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на седницата одржана на 21 февруари 2011 година, со Одлука бр. 2402-32/37 избра Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Марија Јанева, Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, наставно-научна област англистика (претседател);
2. проф. д-р Солзица Поповска, Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, наставно-научна област англиска книжевност (член);
3. доц. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, наставно-научна област германистика (член),

за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со Конкурсот, објавен во дневниот весник „Дневник" на 4 февруари 2011 година, за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет се пријави само м-р Весна Продановска, асистент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со Конкурсот, објавен во дневниот весник „Дневник" на 4 февруари 2011 година, за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област *англистика* на Филолошкиот факултет се пријави само м-р Весна Продановска, асистент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Весна Продановска** е родена на 21 јануари 1979 година во Битола. Со основно и средно образование се стекнува во Битола (Гимназија „Јосип Броз Тито"). Во учебната 1999/2000 година се запишува на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Неофит Рилски" во Благоевград, Република Бугарија, група Англиска филологија, а дипломира во април 2004 година и се стекнува во звање професор по англиски јазик. Веднаш потоа се запишува на магистерски студии при истиот универзитет и ги завршува студиите во 2006 година, прва во генерацијата, со магистерскиот труд со наслов „*Стилистичките фигури на културната репрезентација во АРАБИ од Џејмс Џојс*". Во меѓувреме работи привремено како наставник по предметот Англиски јазик во основно училиште во Битола, а исто така и како професионален преведувач и толкувач во Полициската мисија на Европската унија - ПРОКСИМА. Се здобива со правото судски преведувач од македонски на англиски јазик и бугарски јазик во 2005 година. Притоа работи постојано на разна документација и симултан превод на трите јазика.

Преведува и сè уште работи на бројна стручна литература, работи на многу конференции и семинари од разна тематика како симултан преведувач. Во 2006 година се вработува на Универзитетот „Њујорк“ во Скопје, како лектор по англиски јазик, и предава на Факултетот за англиски јазик и литература. Од 2008 година па до денес работи како асистент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и предава Фонетика и фонологија на англискиот јазик, Современ англиски јазик, Бизнис англиски јазик и Синтакса на англискиот јазик. Во 2010 година се запишува на докторски студии на Софискиот универзитет „Климент Охридски“ - Софија, Р. Бугарија, при Факултетот за класични и модерни филологии.

Учествува на бројни конференции надвор од Р. Македонија и е автор на повеќе стручни трудови во разни списанија во земјава и во странство.

***Список на научни и стручни трудови:***

1. Vesna Prodanovska, E. Mitreva, V. Chepujnoska, TQM STRATEGY IN THE DESIGNION OF AN QUALITY SYSTEM IN THE AGRIBUSINESS*, International conference, Tsenov Academy of Economics, Svishtov,* Bulgaria, 4-6 Novembar 2009.
2. Vesna Prodanovska, E. Mitreva, Creating an innovative environment in total quality management system within companies, *PIEB,* PRAGUE DEVELOPMENT CENTER, Vol 3, 86-88 (2009).
3. Е. Митрева, В. Продановска: ПРОЕКТИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА TQM СИСТЕМ ПРЕКУ ТИМСКА РАБОТА, Годишен зборник на Правен факултет, Кочани (стр. 153).
4. Весна Продановска, Е. Митрева: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ ПРЕКУ МОТИВАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ ЕФИКАСНА КОМУНИКАЦИЈА СО ВРАБОТЕНИТЕ, Економски развој, 2009 strana 139
5. ВеснаПродановска,Е.Митрева:МЕРЕЊЕНАРЕЗУЛТАТИТЕНАМАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ, Економски развој, 2010 (во печат, позитивно рецензиран).
6. Vesna Prodanovska, E. Mitreva, ACTIVE LEARNING. A CONDITION FOR CONTINUOUS IMPROVEMENT OF THE MACEDONIAN INSTITUTIONS, Symposium: *Social Sciences and Humanities: Between theory and practice,* Timisoara, Romania, May, 2010, книга.
7. Vesna Prodanovska, E. Mitreva: DESIGNING AND IMPLEMENTING AN EDUCATIONAL SUBSYSTEM AS A COMPONENT OF THE HOUSE OF QUALITY, *Symposium: Social Sciences and Humanities: Between theory and practice, T*imisoara, Romania, May, 2010, книга.
8. Vesna Prodanovska, E. Mitreva: Management capability - a condition for building a solid quality system, *Seeu review*, Vol.6, No. 1, Tetovo (2010), (се рецензира).
9. Vesna Prodanovska, E. Mitreva and: APPLYING THE TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) STRATEGY OF MACEDONIAN HIGHER EDUCATION INSTITUTIONS-*Symposium: Social Sciences and Humanities: Between theory and practice, T*imisoara, Romania, May, 2011 (во печат).
10. Vesna Prodanovska, E. Mitreva: EMPLOYEES’ CONTENTMENT - A KEY FACTOR WHILST DESIGNING AND PROJECTING OF TQM SYSTEM WITHIN MACEDONIANEDUCATIONAL *Symposium: Social Sciences and Humanities: Between theory and practice,* Timisoara, Romania, May, 2011 (во печат).
11. Vesna Prodanovska,Tatjana Ulanska, Jezici u kontaktu i primenjenalingvistika-Intruded Bilingualism, *Kongres za primeneta lingvistika, Univerzitet vo Novi Sad, R. Serbia,* Oktomvri 2009 (во печат).
12. Vesna Prodanovska, Prednost poznavanja engleskog jezika u procesu korišćenja interneta što kasnije vodi internet plagijatorstvo, V Medunarodni simpozijum „Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja“, Novi Sad, 19.6-20.6.2009 http://www.cnti.info/downloads (Zbornik tom 1, str. 353).
13. Prodanovska Vesna, **Ulanska T.,** (2009): ‘Application of Information-Communication Technology in the Educational Institutions in Macedonia’. V Medunarodni simpozijum “Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja I znanja“, Novi Sad, 19.6-20.6.2009: http://www.cnti.info/downloads (Zbornik tom 2, str. 185).

14. Vesna Prodanovska and John Enrico, *Teaching English Rhythms and Intonation to Macedonian L1s, International Conference at SEEU;* FROM TEACHING TO LEARNING: CURRENT TRENDS IN ELT will be held in Tetovo, Macedonia, 9-11 April. 2010.http://www.seeu.edu.mk/files/ConfrenceProgram4-2010.pdf
15. Весна Продановска, *НОВАТА ПРЕВОДНА ЛИТЕРАТУРА КАКО ЛИНК МЕЃУ ХРВАТСКАТА И МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА,* Трет симпозиум за хрватско-македонски културни и литературни врски, Риека, Р. Хрватска, 23-25 март 2011 г. (зборник во печат).

***Учество на семинари, симпозиуми, конгреси и конференции***

1. 19-20 јуни 2009 г., Петти меѓународен симпозиум „Технологија, информатика и образование“, Факултет за технички науки, Универзитет во Нови Сад, Нови Сад, Р. Србија.
2. Октомври 2009 г., Конгрес за применета лингвистика, Филозофски факултет, Универзитет во Нови Сад, Р. Србија.
3. 9-11 април 2010 г., Меѓународна конференција на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово, Македонија.
4. 23-25 март 2011 г., Трети симпозиум за хрватско-македонски културни и литературни врски, Риека, Филозофски факултет, Универзитет во Риека, Р. Хрватска.

***Работа на проекти***

2009 г. „Е-учење и користење на ИКТ алатки во наставата“ – Fulbright Specialist Program (учесник).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работна биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на нејзиното работење како асистент на Филолошкиот факултет во учебна 2008/2009 година на Филолошкиот факултет, така и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, констатиравме дека се работи за кандидатка која сосема ги исполнува критериумите за асистент.

**Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката м-р Весна Продановска да биде избрана во звањето асистент по англистика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Јанева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Солзица Поповска, член, с.р.**
**Доц. д-р Билјана Ивановска, член, с.р.**

**ТАБЕЛА**
**за вреднување на активностите на м-р Весна Продановска, според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)(10+6+14+18+10+14)x0.2=14,4 | 72 | 0,2 | 14,4 |
| | | | **14,4** |
| **Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности (НИ)** | | | |
| Учество на научен собир со реферат (постер или усно), концерт во земјава и во странство | 1 | 2 | 2 |
| Учесник на научен проект | 1 | 2 | 2 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 2 | 2 |
| | | | **10** |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР) | | | |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 5 | 2/3/6 | 12 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 10 | 2/3 | 29 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 4 | 0,5/1 | 4 |
| Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | 4 |
| | | | **49** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **73,4** |